Институт за човекови права

ПОЈАСНУВАЊЕ ПО ПОВОД ВЧЕРАШНИТЕ НАПИСИ ВО МЕДИУМИТЕ

По повод известувањата пласирани во медиумите поврзани со завршниот настан организиран во рамките на проектот „Борба против сајбер-булинг врз девојчињата", би сакале да појасниме дека одредени препораки од спроведениот проект беа несоодветно протолкувани во медиумите.

Имено, еден од заклучоците од одржаните работилници со ученици од средните училишта на територијата на Град Скопје беше дека во одредени автобуси се случува физичко насилство меѓу учениците на етничка основа и од таа причина учениците чувствуваат дека има потреба припадници на МВР во цивилна облека да бидат присутни на посочените автобуски линии.

Институтот за човекови права на вчерашниот завршен настан ги посочи и ги пренесе заклучоците и ставовите на учениците, но не кажа дека припадници на МВР во цивилна облека ќе бидат присутни на посочените автобуски линии.

7.3.2024 година

Институт за човекови права

Адреса:
бул. Партизански одреди 23/1-5
тел. (+389) 2 3243 331
http://www.ihr.org.mk/
ihr@ihr.org.mk
info@ihr.org.mk